**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО**

**Defence for Children's Rights (DCR)**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО 2018 ГОДИНА

Годината што измина беше исполнета со предизвици особено кога станува збор за почитување и заштита на детските права но и година кога Здружението го бележи 20-годишниот Јубилеј на неговото работење.
Во 2018 година Комитетот на ЗЗПД одржа 5 редовни седници со цел да го поддржат непреченото тековно функционирање како и развојот на организација. Инициараше, координираше, насочуваше и ги следеше активностите во врска со интензивирање на доброто работење на Здружението и Дневниот центар, и неговата актуелност. Активно и непоштедно се ангажираше во насока на афирмирање и презентирање на работата на Дневниот центар пред надворешната јавност давајќи придонес кон создавање белег за организацијата како пример за добро, успешно и одговорно работење. На почетокот на годината се одржа и донаторски состанок инициран од УНДП со претставници од Шпанска, Јапонска, Унгарска и Хрватска амбасада како и се реализираа средби со Министерството за труд и социјална политка и градоначалникот на Шуто Оризари за обезбедување финансиски средства за просториите на Дневниот центар за деца на улица со изградбата на новата градинка „8-ми Април“ во Ш.Оризари.

Во 2018 година продолжуваме понатаму посветени на приоритети, ја заокруживме годината свесни дека нашата мисија продолжува понатаму и дека во годините што следат нашата одговорност кон децата не се намалува туку сé уште сме потребни на многу деца и на семејства во заедница. Во 2018 година работевме со 81 семејство односно со 147 деца од кои со 110 деца, деца на улица и 37 деца од семејства повратници од ЕУ земјите, по критериум на згрижување на семејства повратници кои со нивното враќање во Р.М живеат во импровизирани живеалишта или под кирија, семејства без никаков приход а кои воглавно обезбедуваат финасиски средства преку собирање пластични шишиња од којтенери и питачење. Ова е над максимален ограничувачки број на деца на улица со кои можеме оптимално да работи Дневниот центар за деца на улица, со оглед на просторниот капацитет со кој во моментов располага. Имено, по опожарување на градинката. „8-ми Април“ во март 2017 година, Дневниот центар времено користи работен простор во Здравствениот Дом-.Шуто Оризари.

Како едно бележје на успешната работа на Дневниот центар е добиената наградена сторија на новинарката Славица Филиповска, „Гласник на невидливите“ за приказната за Дневниот центар кој се изгоре во пожар минатата година, а е од суштинско значење повторно да продолжи да работи.

Одбележување на 20 – годишен Јубилеј на Здружението






**ПОДДРЖУВАЧИ:**

Угледот што го има Здружението помеѓу Француската, Шведската и Братанската амбасада, Црвениот Крст на Р.Македонија, невладините организации како и меѓу институциите и приватниот сектор но и од граѓаните е основен двигател во нашата работа и цел која се однесува директно на поддршката и заштита на децата особено на најранливата група на деца и на нивните потреби. Соработката со многу и различни партнери, која е една од нашите главни карактеристики, продолжува со редовен интензитет и во овој период. Исто така продолжи и соработката со граѓанските организации кои придонесуваат за подобрување на состојбата на маргинализираната група на деца.

Заслужни за нашиот развој и добри резултати беа постигнати од страна на нашите долгогодишни партнери: Тинекс МТ, Министерство за труд и социјална политика, Град Скопје и Германската заедница за меѓународна заедница (ГИЗ). Оваа година преку малиот акциски грант беше поддржана активност од страна на Цивика Мобилитас.

За овозможување на континиуирана и непречена работа со децата згрижени во Дневниот Центар насочени кон задоволување на нивните развојни потреби, социјална и здравствена заштита и образование, активности во функција на зајакнување на семејниот систем и одговорното родителство, и во 2018 година имавме поддршка од страна на МТ-Тинекс со годишен буџет од 720.000 денари.

Образовни и креативни работилници














Развој на здравствено - хигиенски навики. Учиме за важноста на личната хигиена и здравата исхрана.





Имунизација и систематски прегледи





Очен преглед...





Редовна проверка на вошливоста

... и редовно капење.





Деца донесени од питачење...





Се грижиме и за најмалите членови од семејствата...





...тренираме карате...





Читаме и раскажуваме приказни



Ги цртаме ликовите од приказните





Ги прославуваме родендените...







Нижиме успеси и добиваме пофалници, дипломи но и свидетелства












Од страна на Министерството за труд и социјална политика од областа на социјална заштита, од месец јуни до декември 20187 година, беше поддржан проект „Преку теренски активности и тимска работа до поддршка за интеграција на деца на улица“. Покрај поддршката на работењето на Дневниот центар за деца на улица во Ш.Оризари работа со деца на улица и нивните семејства, беше поддржана активноста за поддршка на работењето на државниот Дневен центар за деца на улица – Гази Баба и теренската работа за идентификување на деца на улица на фреквентните сообраќајни раскрсници, утврдување на основот на престојот, со или без придружба, со буџет од  320.000 денари. Стручните работници од Дневниот центар за деца на улица Ш.Оризари опфати 10 региони од подрачјето на град Скопје и тоа: Чаир и Топанско Поле, Бутел, Визбегово и Момин Поток, Ѓорче Петров, Влае, Карпош 1, 2, 3 и 4, Центар, Аеродром, Гази Баба (Автокоманда), Кисела Вода. Од месец јуни до декември 2018 г. евидентирани се вкупно **295 деца на питачење**, од кои што **146** деца се затекнати на питачење повеќе пати. Покрај идентификацијата на децата на улица, се работеше со едукативни и креативни методи на неформално описменување, учење на буквите, броевите и боите преку боење во боенките на кои покажаа особен интерес. Затекнатите 12 деца на улица од општината Ш.Оризари со согласност на родителот беа згрижени во Дневниот центар. Додека децата затекнати на питачење со место на живеење од импровизираната населба Кале, преку програмата за поддржано живеење семејствата се времено згрижени во ЈУ „Ранка Милановиќ а потоа сместени во прифатниот центар во Визбегово во новоизградената населба за бездомници. А додека деца кои доаѓаа од другите населби, Ју-МЦСР на град Скопје ја презема одговорноста

на нивна заштита. Во соработка со ДЦДУ- Гази Баба направена е проверка на децата од Ранка Милановиќ во педагошката служба при ОУ „Б.Р.Хамид“, дали истите се запишани. По увидот од список увидовме дека се работи за 26 деца од кои 6 деца пред да заминат во импровизираната населба под „Кале“, биле згрижени во ДЦДУ Шуто Оризари, од кои 2-те деца веќе беа вклучени во образовниот процес, како и едно дете, по нејзиното евидентирање на питачење, во месец јуни 2018 година е згрижено во Дневниот центар и вклучено во прво одделение во локалното училиште во Ш.Оризари.

Теренски активности на фрекфентни места












Активности во Дневниот центар




Развивање на љубов и интетрес кон одредени професии како и разбирање на тежината и спецификата која секоја работа и ангажман ја носат со себе.




 

Активности со извидниците од ПСИО

 

 





Родителски средби



Успешна реализација имаше и кај Регионалниот проект за социјални права на ранливи групи „Преку мобилни тимови до социјални права во Шуто Оризари“ со осврт на повратници од ЕУ земјите во период од 01.01.2018 – 30.11.2018 година со финансиска поддршка од 1.602.136 ден. Преку теренска работа се идентификуваа 43 Ромски семејства, повратници од ЕУ земјите односно 236 членови од кои 151 дете (до 18 години 110 деца и над 18 години 41 лице). односно:38 семејства вратени од Р.Германија, 1 семејство од Р.Италија, 1 семејство од Р.Белгија и 3 семејства од Франција. Сите семејства се идентификувани на територијата во општина Шуто Оризари. Анкетирањето помогна во откривање но и превенирање на социјалните проблеми кои ја попречуваат нивната реинтеграција. Во рамките на Дневниот центар беа вклучени 37 деца од 24 семејства на возраст од 04-13 години. Се работеше на нивна адаптација во новата работна средина во дневниот центар заради поуспешно интегрирање во образованието, индивидуална едукативна работа и помош преку менторство (пишување и читање), психо-социјална подршка поради брзо менување на средината и нивна интеграција во заедницата. Понатаму се работеше и на подготовка на документацијата за прво вклучување на школски деца во локалните училишта и проверка на статусот во педагошките служби на основните училишта заради продолжување на образованието за деца кои со заминување го прекинале своето образование.

Во учебната 2018/2019 година беа вклучени 28 деца од кои во прво одделение 9 деца, а во погорните одделенија, почнувајќи од второ одделени па нагоре 19 деца. Три деца се на претшколска возраст, а незапишани 4 деца поради емоционална незрелост како и 2 незапишани деца поради поодмината возраст (деца родени 2004 г. и 2005 г.) и истите ќе се вклучат наредната учебна година во вечерното основно училиште Ас Макаренко. Три деца се на претшолска возраст. Со поддршка на ГИЗ, на 60 деца им беше поделен училишен прибор и ранци. Со овој проект дополнителни 32 деца беа мотивирани за продолжување на образованието кои со нивното заминување го прекинале.

Реализирани 5 Работилници и индивидуални средби со сите членови на семејствата. Психо-социјална поддршка и светодавни услуги имаше кај сите семејства вклучувајќи ги и нивните деца кои се вклучени во рамките на Дневниот центар, како и правна помош и поддршка во текот на целиот проект во однос на општи правни информации од областа на здравствената и социјална заштита.

Работилници со семејствата





Теренски активности





 



Психо-социјална и правна поддршка на семејства повратници од ЕУ земјите

 

Во период од 01.03.2018-31.08.2018 година се имплементираше проект **„Еднакви можности за деца на улица“.** За реализација на овој Проект во Буџетот на Град Скопје за 2018 година беа предвидени 350.000 денари. Со овој проект беа опфатени 100 деца од Ромската заедница, на возраст од 03-18 години, кои се евидентирани како деца на улица со место на живеење во општина Шуто Оризари и вклучени во активностите на Дневниот Центар за деца на улица. Главната цел е да им овозможи на децата на улица инклузија во општеството, психо-социјална поддршка и интервенција преку вон институционална форма на социјална и правна заштита.

Активности со натпреварувачки дух



Посета на Универзитетска библиотека Св.„Климент Охридски“



Меѓународен фестивал на детски театар Фенер



Тетар за деца и младинци „Цветна градина“



Учиме за емоции и создавање позитивни емоции, задоволство по завршената работа..





Шарено лето преку Проект Среќа-Маврово



Поддржан мал акциски грант проект „Вклучување на децата на улица преку неформално образование“ Цивика Мобилитас / МЦМС 02.07.2018-31.08.2018 година во износ 400.000 денари. Целта на акцијата е социјално опкружување со други деца преку неформална едукација и образование. Акцијата придонесе за 52 деца кои се згрижени во Д.Центар за деца на улица, прв пат да учествуваат во извиднички активности и во активности со едукативно, спортско-рекреативни содржини.

Извиднички камп Далјан






Скребатно Охрид







Од страна на нашите долгогодишни пријатели Џени и Горјан (Verein Wunschstern - Unterstützung der Straßenkinder in Mazedonien's post) од Виена, Австрија беше донирана храна и превентивни лекарства.



## ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА

Главната цел на Дневниот центар е да им овозможи на децата инклузија во општеството, психо-социјална поддршка и интервенција преку вон нинституционална форма на социјална и правна заштита. Во рамките на Дневниот центар се нудат најразлични услуги во зависност од потребите на децата. Содржините за работа се одраз на детските интереси, потреби и желби. Се задоволуваат нивните елементарни потреби, потреба од одржување лична хигиена, облека, обувки, оброк, потреба од неформално образование, примарна здравствена заштита, идентитет, игра, дружење, но и заштита од економска екслоатација и заштита од секаков друг вид насилство.

Воспитно - образовната дејност е проследена со љубов и разбирање со секое дете, одраз на искажана љубов и внимание. При реализацијата на воспитно – образовните активности се обрна внимание и на следните аспекти: работно воспитание, развој на здравствено - хигиенски и културно - хигиенски навики,, еколошко воспитание, поделба на обврски меѓу сите членови на групата, играње игри на улоги и имитативни игри, разработување различни содржини: приказни, песни, драмски текстови итн. Преку овие, како и многу други активности кај децата се дејствуваше врз создавање работни навики, создавање потреба за активирање, поттикнување на самоиницијативноста, запознавање и прифаќање на сопствените можности и потреби во правец на поддршка на развојот и напредокот на детето.

Во интерес на континуитетот на воспитно - образовното дејствување врз детето, Здружението остваруваше соработка и со основните и средните училишта во непосредната околина. На почетокот на учебната година беше остварена средба на стручната служба при основните училишта, поединечно. Нејзината цел беше запознавање со социјалниот и материјален статус на децата, начините на воспитно - образовното дејствување врз децата, неговите содржини, ефектите врз децата и сл. Секојдневно бевме во контакт со наставниот кадар од локалните основни училишта како и со класните раководители на средношколците, се обавуваат разговори и се информираат за новонастанатите ситуации кај некои од децата или доколку има потреба од интервенција и преземање на заеднички дополнителни воспитно - образовни мерки и секако и со семејствата на децата.

Во текот на годината се остваруваа индивидуални и групни средби со родителите, се одржуваа и родителски средби со цел да се подигне родителска грижа и одговорност за вршење на родителското право.

Во интерес на две деца, во месец септември беше посетена педагошката служба на ООУ „Аврам Писевски“ во населба Бардовци, со цел да се добијат информации за одделението кое го имаат завршено двете деца кои беа затекнати на питачење заради продолжување на образовниот процес. Со наша поддршка семејството се преселува во Ш.Оризари и истите се згрижени во Дневниот центар. Психологот ја изрази потребата од постоење на ваков Дневен центар за деца на улица во населбата Бардовци (Злокуќани) кој ќе се грижи за нив и ќе им нуди неформално образование и поддршка во учењето и пишувањето на домашни, бидејќи во истата населба има голем број на ромски деца кои не се вклучени во воспитно – образовниот процес, а се на возраст од 10 – 13 години (со број од 30 до 40 деца). Беше спомената и соработка помеѓу Центарот за социјална работа, Локалната самоуправа, ДЦДУ – Шуто Оризари и ООУ „Аврам Писевски“ заради остварување на овие потреби и поголема поддршка за вклучување на овие деца. Веќе во наредниот период ЈУ-МЦСР И МТСП (од месец окотмври) сите ромски семејства од оваа населба се мапирани и ќе се преземат дополнителни активности.

Во **Младинскиот клуб** се работи на индивидуален развој и професионална ориентација . Беа обработени повеќе теми: Права и обврски, Личен развој (самодоверба, емоции, успех и неуспех, искажување на мислење, семејство, училиште), општествени односи (нивните права, недискриминација, поддржување и соработка, социјални притисоци, одговорности и позитивен однос), здраво живеење (здрава исхрана, лична хигиена, превенција од болести и заболување и свест за сексуално здравје, ризици од малолетнички бракови и бременост) и однос со надворешната средина (културно однесување со средината, хигиена во околината и заштита). Беше спроведена и активноста поврзана со читачкото катче, каде описменетите деца креативно и компаративно читаа за со цел да им се помогне при разбирање на смислата на текстот и

негово значење. Се разговараше за прочитаното, се поставуваа прашања, се прераскажуваше усно но и писмено.

В.Р е пример за поголемите деца од Дневниот центар но и за неговото семејство. Претходните години се работеше на негово надминување на сите пречки и предизвици во развојот и однесувањето со кој се соочуваше. Успеавме да ги надмине сите предизвици и сега можеме да кажеме дека веќе постана момче кој се грижи и за неговото семејство, доста е трудољубив и посветено и одговорно ги извршува своите обврски но и училишните активности. Редовен е на извидничките состаноци со што стана и помошник водич. Учествува во сите активности во Дневниот центар, тренира карате како и вклучен во продажбата на уличниот магазин „Лице в лице“.

*Во текот на 2018 година Дневниот Центар беше потпомогнат со донација на облека, храна од Црвениот Крст на Град Скопје, како и во соработка на Црвениот Крст со ОУ „Живко Брајковски“ Бутел, беа донирани кутии со храна подготвени од дечињата за дечињата во Дневниот центар. Млекара Здравје Радово донира зимски јакни. Од страна на International School од Скопје, втора по ред акција „Од децата за децата“ а во соработка со Банка за храна беа донирани 50 пакети храна. Понатаму беше донирана храна од Ајде Македонија, како и облека од нво Љубезност. Средното училиште „Нова“ им подоготви оброк од ладни сендвичи, Лајн Дарма хигиенски средства а додека Нво „Лидија срце што чука“ им обезбеди облека, пелени и др.опрема за новороденчињата на семејствата со кои работиме. Лајнс Дарма*

- **ЕВИДЕНТИРАНИ И ЗГРИЖЕНИ ДЕЦА**

Поради ограничениот простор за работа, во текот на 2018 година, по пат на теренски активности беа евидентирани 12 деца од 7 семејства како питачеа на семафорите во централното подрачје на град Скопје на возраст од 04 до 14 години. Со согласност на родителот/старател истите се згрижени во Дневниот центар. Кај децата се направи проценка на нивниот психо-физички развој и интелектуален капацитет, се изврши систематски преглед и прва имунизација. Работевме на нивна постепена интеграција и адаптација, социјализација, стекнување на културни и хигиенски навики, описменување а постепено ги градевме и нивните работни навики. Десет деца се вклучени во учебната 2018/2019 година.

Сите новозгрижените деца се со дисфунционални односи во семејството, со зголемено физичко насилство, алкохолизам, самохрани родители или отсуство на еден родител (татко) поради отслужување затворска казна.

Во текот на целата 2018 година Дневниот центар за деца на улица работеше со 110 деца на улица и 37 деца од семејства повратници од ЕУ земејите.

- **МАЛОЛЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ**

И оваа година бележиме успех во однос на детските бракови. Имено од потенцијални 14 малолетнички заедници спречени се кај 13 девојчиња на возраст од 13-15 години. На 16-годишна возраст Е.Садик со дозвола на родителите стапува во малолетничка вонбрачна заедница.

- **СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Во текот на целата година стручниот тим превенираше во спречување на сите аспекти на семејното насилство особено за деца жртви од насилство. Најчестите застепени насилства се однесуваа на психичко и емоционално малтерирање, насилнички закани и физички насилства кои родителите често ги користат како дисциплински мерки со кои се обидуваат да го наметнат авторитетот, но и за деца жртви на најтешки форми на злоупотреба на детскиот труд, запуштање и малтертирање на малолетно дете од страна на родителот.

Охрабрени 2 мајки жртви на семејно (физичко) насилство од вонбрачниот партнер да пријават во Мвр.

- **ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС и ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Со контиунираното работење на Дневниот центар придонесе успешно завршување на второто полугодие од учебната 2017/2018 година на **76 деца** вклучени во училиштата ОУ „Браќа Рамиз Хамид", ОУ „26 Јули", вечерното основно училиште „А.С. Макаренко", 5 деца од СУГС „Шаип Јусуф" и 1 од СЕПУГС „Арсениј Јовков".). Успешно завршување на основното образование кај 3 деца (евидентирани на питачење и вклучени во дневниот центар во 2006 г, и 2007 г.) и успешно завршување на средното образование на едно дете (дете од 2006 година) и нејзино вклучување како волонтер во Дненвиот центар и на обуката за негователи при Црвениот Крст на Град Скопје. Поднесена апликација за стипендија на едно дете.

Учебната 2018/2019 година грижа и одговорност имаме за **113 деца** од кои 20 се деца во прво одделение (11 од нив се деца на улица, додека 9 се деца повратници/азиланти од Европските.

Во континуитет се работеше со 81 семејство односно 147 деца од ромската заедница, на возраст од 03-18 години.

Во областа на здравството и едукација во делот на примарната здравствена заштита и пристап до здравствените услуги видлива беше потребата од вклучување на граѓанскиот сектор и локалната амбуланта со цел да организираме процес за здравствена заштита на децата (кожни прегледи, лекарски прегледи, имунизација, систематски преглед со цел следење на нивната здравствена состојба) како и вадење на Потврда за примени вакцини за упис на децата во редовниот образовен просец. Извршени се стоматолошки интеревенции кај 79 деца, како и прегледи во поглед на добивање Потврда на состојбата на забите за првачињата, документација задолжителна за нивен упис. Поради честите настиники и разни инфекции кај некои деца често пати со консултација и преглед на лекар им беше препишана терапија и обезбедена антибиотската терапија.

Во совладување на тешкотиите и препреките со кои се соочуваат и на кои наидоа во текот на интегративниот период – согласно нивните индивидуални и семејни капацитети, во нивната истрајност се грижеше стручниот тим (координатор, социјален работник, педагог, психолог и одделенски наставник).

- **ПОМОШ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ и ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО на СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Во областа на социјална заштита постојана поддршка и административно техничка помош пружаме за пополнување на потребните документи по критериумите кои треба да бидат исполнети во остварување на социјален паричен надомест.

Оваа година за прв пат се вработуваат 3 мајки во компанијата „Клин Кат" за одржување на деловни простории. Исто така Прв пат од кога работи Дневниот центар 5 мајки беа мотиврани и поттикнати да се запишат во учебната 2018/2019 година прва година во вечерното основно училиште „Ас Макаренко".

Вклучени 2 деца со навршени 16 години во продажбата на уличниот магазин Лице в лице со што од Дненвиот центар има 11 продавачи;

- **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ ПРАЗНИЦИ**

Децата се запознаа со важните датуми во текот на годината, преку одбележување светски денови во рамки на Дневниот центар и надвор од него: Меѓународна недела на продавачи на уличен печат, што се прославува на глобално ниво во период од 06-12.02.2018 година. Во повеќе наврати со група деца и нивните водичи од Првиот Скопски Извиднички Одред (ПСИО) беа организирани низа активности (кодекс на однесување на еден извидник и нивните правила, виткање на извидничка марама, изработка на извиднички дневници со активности, запознавање

со ГЕРМАНИКУС и Моноалфабета, азбуки преку кои со кодови се пренесуваат пораки итн.). Месец април отпочна со одбележување на денот на шегата и смеата „Први Април''. Децата од Дневниот Центар секој на свој интересен и различен начин подготвуваа маски. Некои деца беа маскирани во зајачиња, мачиња, принцези, ликови од познати цртани филмови, ликови на суперхерои, а некои и во ромска традиционална облека. Следуваа одбележувањата и на два особено важни денови, односно Осми Април – Меѓународниот ден на Ромите и 12 Април – Меѓународниот ден за деца на улица. Преку интеракција и цртежи на кои децата од Дневниот центар ги пишуваа своите права го одбележавме и Меѓународниот ден за деца на улица кој прв пат беше меѓународно одбележан на 12 април 2011 година од страна на Конзорциумот за деца на улица (GSC), една од водечките меѓународни мрежи за остварување на правата на децата на улица во светот. Го одбележавме и 15 Мај – Меѓународниот ден на Семејството (преку интерактивна дискусија, прикажување на фотографии и групна работа на децата им беа претставен поимите: Семеен живот, Семејство, Видови Семејства (потесно и пошироко) и семејство со еден родител, семејство со два родитела, родбинско семејство, семејство на посвоители и старатели. Се разговараше и за улогите на родителите и децата во рамките на едно семејство). 12 Јуни - Светски ден против детскиот труд. ЗЗПД и понатаму се бори за заштита на децата од најтешките формите на злоупотреба на детскиот труд, односно оневозможување тие да бидат вклучени во активности опасни за детското здравје или за нивната безбедност. Сепак, не загрижува фактот што на овој проблем не му се посветува доволно внимание и ресурси за постигнување одржливи социјални промени. За да се постигне елиминирање на најлошите форми на детскиот труд потребни се големи напори и посветеност во делот на редуцирање на сиромаштијата, подобра социјална заштита и вклучување на сите деца во образованието; Одбележување на Детска недела, преку Тематски Работилници; Меѓународен ден на женското дете – 15 Октомври; Одбележување на муслиманскиот празник-Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам (муслимански празник ); Одбележување на 17 октомври, Меѓународниот ден за борба против сиромаштијата; По повод Светски ден за превенција од злоупотреба на децата и 20 Ноември - Светски ден на детето преку акцијата наречена „Од децата за децата“ учениците и родителите од QSI International School Skopje, со поддршка на мисијата на CBF Macedonia – Jeff and Alicia Lee, преку нво Банка за храна, донираа 60 пакети со прехрамбени производи за семејствата чии деца се згрижени во Дневниот центар.

- Меѓународен ден на волонтерството 5-ти Декември.

По повод одбележувањето на Меѓународниот ден на волонтерството на ден 05.12.2018 г. и оваа година Волонтерски центар Скопје, во соработка и со поддршка на Град Скопје во просториите на НУБ Св.Колимент Охридски по четврти пат организираше НВО Саем, под мотото „Заедно до подобро општество“. На саемот своја презентација, во форма на штанд, имаа повеќе од педесет здруженија/НВО-а/фондации кои се регистрирани на територија на Град Скопје, меѓу кои беше и нашето Здружение за заштита на правата на детето. На НВО Саемот освен тимот на Дневниот Центар кој ги презентираше активностите и проектите, присуствуваа и 2 деца згрижени во Дневниот Ц. кои ги презентираа своите дела изработени во креативната работилница.

- **Вон наставни активности**

Преку нво Проектот Среќа им се овозможи летување на 2 девојчиња од Дневниот центар во летниот камп Шарено лето, Маврово во период од 14.08.2018-20.08.2018. Покрај советувањата за убаво однесување, дисциплината и другарувањето со другите деца, им обезбедивме чиста облека, патики, храна и вода за во текот на патувањето, како и беа придружувани до местото на поаѓање на целата група.
Исто така 11 дечиња ја посетија Универзитетската библиотека Св „Климент Охридски“. Им се овозможи летување на 34 деца во Извидничкиот камп Даљан како и можност за учество на извидничката смотра на 18 деца од Дневниот центар во извиднички камп Скребатно во Охрид, со учество на над 1.200 деца- извидници од 15 европски земји.
Проследување на кукленaта претстава „Ленка“ на Меѓународниот фестивал „Фенер“ на детски театар како и претставата „Цветната градина“ во Театар за деца и младинци „Цветната градина“.
Преку соработката со Псио (Прв скопски извиднички одред) пет деца учествуваат во извиднички активности. Четири деца од Дневниот центар кампуваат во Мала Река, Китка, на планината

Галичица, учествуваат на есенскиот извиднички Бивак со извидниците како и вклучено едно дете како помошник водич во Псио;

- **НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА ЗА ДЕЦАТА**

Месец март го започнавме со добивање на Пофалница на две деца за освоено прво место на квизот за екологија по повод денот на Пролетта како и повотрно во месец ноември 2018 г. освоивме трето место на Меѓународната детска ликовна изложба во рамки на одбележувањето на 13 Номеври - Денот на ослободувањето на Скопје. Ова признание е од особено значење за Р.Реџепи но и за нас бидејќи ја потврдува нашата грижа и посветеност за напредокот и успехот на секое дете згрижено во Дневниот центар.

- **АКТИВНОСТИ ЗА НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ**

По повод Новогодишните и Божиќните празници реализирани се разновидни активности. Преку Град Скопје се овозможи на 120 дечиња да проследат Новогодишна претстава во Театар за деца и младинци во Скопје. Баба Јелица израдува 14 дечиња од Дневниот центар со нејзините рачно плетени зимски капчиња и шалчиња. Понатаму на ден 21.12.2918 г. предновогодишно дружење имавме со претставници од Комерцијална Банка и донирани новогодишни пакетчиња; На ден 25.12.2018 Град Скопје организира новогодишна претстава „Цветната градина" за сите дечиња во Театар за деца и младинци; На ден 26.12.2018 г. од страна на млекара Здравје Радово беа донирани мали јогуртчиња; На ден 24.12.2018 г. Lions club Вардар донира 30 пакетчиња; На ден 26.12.2018 година вработените од Sourcico донира донација од електричен бокал, тостер и хигиенски средства; На ден 27.12.2018 г. се одржа скромна новогодишната приредба од дечињата во ДЦДУ, на која што присуствува градоначалникот на Град Скопје, заменик министер на Министерството за труд и социјална политика и претставник на Тинекс кој подари новогодишни лампиони за Дневиот центар. Од страна на Град Скопје беа поделени билети за посета на ЗОО- градина. Истиот ден, од страна на Асоцијацијата за едукативен развој „Еквалис" беа донирани 10 ранчиња со школски прибор како и беа поделени 30 новогодишни пакетчиња за дечињата кои претходно не добиле од Дневниот центар од страна на Умс на Вмро.

**Претставниците на Здружението за Заштита на правата на детето учествуваа на следните настани**:

Реализирани 2 студиски посети во рамките на проект за заштита на социјалните права на ранливите групи од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH (Regional Project on Social Rights for Vulnerable Groups (SoRi): Конференција "Sport for Integration of Returnees and other vulnerable groups in the Balkans" во период од 15-16 Март 2018 г. во Белград на тема: "Kick-off: Sport activities for potentials developments (ASAP)" отпочнат проект од септември 2017 во Србија, Албанија и Косово и Regional conference on " Social inclusion and re- integration through 2030 Agenda and SDG" одржана во Брдо, Словенија (16-19.04.2018 г.). Целта на оваа конференција е запознавање и употреба на Sustainable Development Goals (SDG). Имено конференцијата беше организирана од ГИЗ и НАЛАС, со експерти и претставници од Германија, Асоцијација на општините на градовите во Словенија, Германскиот институт за развој, претставници од општината Евергрем, Белгија, Истражувачки Центар за јавна администрација од Австрија и други.

Во периодот од 30.01.2018 до 01.02.2018, потпретседателот на ЗЗПД, проф. д-р Оливер Бачановиќ и членот на Здружението Марија Костадинова присуствуваа на „Работилница за развивање на систем на собирање на податоци и следење на состојбата за насилството врз децата" во организација на Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе-Отворена Порта. На ден 01.06.2018 г. претставници на Здружението Ирена Велкоска и Василка Јовановска учествуваше на работилница на тема „Стратегија за застапување на јавни политики за заштита на деца жртви на насилство". Во врска со истото паралелно следеа низа состаноци каде

призлезе Прирачникот за здруженија на граѓани за Мониторинг на активностите за превенција, идентификација ,заштита и координација за деца жртви на насилство истиот промовиран на 30.08.2018 г. При креирањето на овој Прирачник беа вклучени повеќе нво организации меѓу кои и нашата организација. Во главните Заклучоци на овој Прирачник акцент е ставен за намалување на бројот на насилство преку будни капањи кој ќе се спроведуваат, заложба за отворање повеќе центри за деца кои биле жртви на насилство и за сл. приоритетни потреби

Во периодот од 12.04. до 14.04.2018 претставник од Здружението за Заштита на правата на детето, Филип Пепоски, учествуваше на работилницата за Симулација на законодавен процес иницирана од Асоцијацијата Ајде Македонија, со цел законско овозможување на донирањето на храна на загрозените граѓани. Последователно на тоа на ден 18.04.2018 г. се оддржа обука за вклучување на граѓанските здруженија во системот, која се состоеше од: тренинг за безбедност на храна, процес на даночни ослободувања, транспорт на вишокот храна и користење на web платформата, додека на ден 23.04.2018 г. се оддржа официјално отворање на системот за донирање на вишок храна.

На ден 16.04.2018 член на Комитетот на Здружението за Заштита на прават на детето, Младица Котевска, учествуваше на работилница за разгледување на Стратегијата и Акцискиот план за соработка на Владата на Р.Македонија и НВО.

На ден 03 и 04.05.2018 година тимот на Дневниот центар Ирена Велкоска, Даниела Ѓеоргиевска и Василка Јовановска присуствуваа на работилница „Прибирање средства и поддршка од локални извори“ во организација на НВО Конект преку Регионалниот проект за социјалните права на ранливи групи (SoRi) и Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ). Работилниците беа продуктивни и се развија идеји во однос на алатките и техниките за приборање средства за одржливост на активностите на Дневниот центар за деца на улица. Во однос на социјално претприемништво беа презентирани успешни примери од нашата земја: Лице в лице, Солем, Покров, Сонце, Нега + Хера, како и од другите земји од Албанија Yaps, Наша куча Србија, женски центар Астарта и од Америка Фрешис.

На ден 15.05.2018 г. претставник на Здружението, Ирена Велкоска даде интервју за Радио МОФ, како дел од нивната статија „Градинката која изгоре во Шуто Оризари сè уште руина – надлежните велат дека обновата тече“ објавена 19.05.2018 на web страна на Радио МОФ.

На ден 21.05.2018, Ирена Велкоска присуствуваше на Работилница организирана од Светска банка, за валидација, каде беа презентирани главните наоди на работата поддржана од Генералниот директорат на Европската комисија (ЕК) за преговори за соседството и проширување (DG NEAR) кон развивање врз основа на докази, совети за поддршка на ефективна реинтеграција на повратниците. Целта на оваа задача беше да се идентификуваат релевантните решенија во форма на политиките и начините на имплементација за ефективна реинтеграција на повратниците на Западниот Балкан -- со фокус на повратници Роми -- врз основа на доказите за искуствата со реинтеграција.

На ден 30.05.2018 г. претставник од Дневниот центар, Филип Пепоски присуствуваше на тренинг преку Ајде Македонија во врска со користењето на платформата „Сите сити“.

На ден 05.09.2018 г. координаторот на ДЦДУ Шуто Оризари, Ирена Велкоска директно учествуваше во утринската програма на ТВ Сител „Ја сакам Македонија“ на тема проблемите, потребите и предизвиците на децата на улица.

На ден 21.09.2018, координаторот на ДЦДУ Шуто Оризари, Ирена Велкоска и социјалниот работник, Василка Јовановска присуствуваа на Конференција за детска сиромаштија во организација на Министерство за труд и социјална политика, УНИЦЕФ и Светска банка. Експерти од областа на детската сиромаштија и претставници од владини и академски институции дискутираа за решенија кои ќе помогнат да се намали детската сиромаштија. Според последните податоци од Државниот завод за статистика повеќе од 100,000 деца во земјава – или 28 отсто од сите деца – живеат во сиромаштија. Во моментот секое трето/четврто дете во Македонија живее во сиромаштија.

На ден 17.11.2018 г. Дневниот центар за деца на улица беше посетен од страна на директорот со соработници од ЈУ Завод за социјални дејности кој заедно со

претставници од социјална заштита од Црна Гора биле во посета на институции и домови.

На ден 01.11.2018 во просториите на ЗЗПД и ДЦДУ, потпретседателот на ЗПД, проф. д-р Оливер Бачановиќ, членот на Комитетот, Младица Котевска и генералниот сектретар на ЗЗПД и координатор на ДЦДУ, Ирена Велкоска се одржа состанок со високи претставници на Светска бакна Harry Patrinos, Лидер на програма за образование, г. Cem Mete, Менаџер за социјална заштита и за вработување, г. Iamele Rigolini, Лидер на програмата за човечки развој, г-ца. Марина Петровиќ, Виш специјалист за социјална заштита и г-ѓа. Бојана Нацева, Виш специјалист за образование, во придружба на Заменик министерот за труд и социјална политика, г. Ѓонул Бајрактар. Целта на состанокот е запознавање со активностите на Дневниот центар за деца на улица.

На крајот сакаме да се заблагодариме на сите наши соработници, партнери и донатори кои ни даваат поддршка и кои веруваат во нас во изминатите години.

**Членови на Комитетот на ЗЗПД го сочинуваат**:

Проф. д-р Владимир Ортаковски, професор на Факултетот за безбедност, претседател на ЗЗПД;

Проф. д-р Оливер Бачановиќ, декан на Факултетот за безбедност, потпретседател на Здружението;

Кирил Трајковски, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД;

Младица Котевска, социјален работник, член на Извршниот комитет на ЗЗПД.

Ирена Велкоска, член на Извршниот комитет на ЗЗПД

**Тимот на Дневниот центар за деца на улица:**

Ирена Велкоска, проектен координатор и едукатор;
Василка Јовановска, социјален работник;
Филип Пепоски, социјален работник;
Даниела Ѓоргиевска-психолог;
Александра Лозаноска, одделенски наставник;
Марија Костадиновска-проф.по предучилишно воспитание и образование (до 16.10.2018.);
Катерина Серафимоска-педагог (од 17.10.2018-31.12.2018 г.)
Имерзат Точи Сулејмани –педагог (до 30.11.2018 г.)
Александра Пејовска – волонтер (01.07.2018-30.08.2018 г.)
Ангела Савеска – социјален работник (01.07.2018 – 30.08.2018 г.)
Меги Мегдоналд-волонтер од Мировниот Копрус (од декември 2016 г. до ноември 2018 г.)
Трине Висма – волонтер од Естонија (01.10.2018-30.09.2019 г.) преку ЕВС програма.

Меѓународни волонтери од Волонтерски Центар Скопје, вклучени еднаш неделно во креативната работилница со децата: Aida Ath и Dounia Lyna.